


Nacionalna ustanova Biblioteka "Grigor Prli~ev" - Ohrid

*ul. "Makedonski prosvetiteli " 2, 6000 Ohrid, Republika Severna Makedonija*

*Telefoni: (centrala) 046 262-064; (izdavawe) 046 264-838*

*www.bibliotekaohrid.mk e-mail: biblioteka_ohrid@yahoo.com*


**ЈАВЕН ПОВИК**

За прибирање на понуди за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад

Националната установа Библиотека „Григор Прличев" - Охрид врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост („Службен весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-2027/10 од 01.08.2023 година („Службен весник на РСМ" бр.164 од 01.08.2023 година), за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, објавува јавен повик за избор на правни лица кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и /или транспортирање на отпад, за движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на НУ Библиотека „Григор Прличев" - Охрид.

Избраните правни лица на јавниот повик имаат обврска да извршат превземање на движните ствари-електронска и информатичка опрема предмет на јавниот повик и истите да се транспортираат како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во просториите на НУ Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, на улица „Македонски просветители" бр.2, Охрид.

Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Увид во проверката на отпадниот материјал може да се изврши на лице место во просториите на НУ Библиотека „Григор Прличев" - Охрид или електронски да се добие список за соодветниот отпаден материјал. Лице за контакт во врска со јавниот повик - Милчо Јованоски тел. 075 337 010 или електронска адреса - biblioteka_ohrid@yahoo.com .

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 17.07.2024 година до 15 часот.

Комисија за спроведување на постапка за избор
на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање
и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад